# Месечен преглед од следењето на Поглавјето 23 - правосудство, борба против корупцијата и темелни права - ноември 2017 -

## I ПРАВОСУДСТВО

### Правосудни реформи

На 40-та седница од 28.11.2017 година Владата ја усвои Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022) заедно со Акцискиот План, по што истите ќе влезат и во собраниска процедура за усвојување,[1] откако истата беше во три наврати доставена на мислење до Европската Комисија. На таа седница**,** Владата го разгледала и усвоила и предлог-Законот за амнестија, при што го задолжила Министерството за правда да го преработи текстот на предлогот, како текст кој се носи во редовна постапка и да предвиди одредба со која ќе се прецизира дека истиот се однесува за кривичните дела наведени со него сторени до 20.09.2017 година. Владата дополнително ја истакна потребата од организирање јавна расправа и го задолжила Министерството да достави нов пречистен и усогласен текст, откако ќе измине периодот на консултации и отворени дебати.[2]

На средбата со Еврокомесарот за проширување и соседска политика Јоханес Хан, министерот за правда, Билен Саљиji реферираше за преземените активности во однос на динамиката на исполнувањето на итните реформски приоритети предвидени во Владиниот план „3-6-9“.[3]

Меѓу другото, во Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) во текот на ноември беа поставени и предлог-законите врзани за правосудната реформа кои се однесуваат на Судскиот совет, Народниот правобранител, кривичната постапка, Јавното обвинителство, Советот на јавните обвинители, како и предлог-законот за јавнообвинителската служба.[4]

### Независност

### Уставниот суд го укина Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната

Уставниот суд објави решение со кое го укинува Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, со образложение дека овој закон сериозно навлегол во независноста на судската власт и го нарушувал начелото на поделба на власта. Со законот било направено мешање

[1] http://www.pravda.gov.mk/novost_detail.asp?lang=mak&id=1410
[2] http://vlada.mk/node/13793
[3] http://www.pravda.gov.mk/novost_detail.asp?lang=mak&id=1408
[4] https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation

на законодавната и судската власт која треба да биде независна. Освен тоа, во решението се истакнува дека законот е спротивен на законски предвидената слободна оценка на доказите и судиското убедување, кое со овој закон се формализирало при што не се водело грижа за индивидуализацијата на казната. За уставните судии, содржинските решенија во законот не се во согласност со Уставот на РМ и владеењето на правото, на што посочува и анализата[5] на професорите по кривично право, Бужаровска и Нанев, на која упатува и рефератот на Судот.[6]

**Судскиот совет избра претседатели на Кривичниот суд, претседатели и судии на неколку судови**

Судскиот совет на Република Македонија соопшти дека на 266-тата седница донел одлука за избор на судијата Иван Џолев за нов претстедател на Основниот суд Скопје 1 Скопје.[7] Џолев даде свечена изјава пред Претседателот и членовите на ССРМ.[8]

На следната, 267-та седница, Советот донесе одлуки за избор на нови претседатели на Апелациониот суд во Штип (Наке Георгиев), како и на основните судови во Куманово (Снежана Манев), Тетово (Хасан Асани) и Ресен (Емељ Кранли Али), додека кандидатот за нов претседател на Основниот суд Дебар не го добил потребното мнозинство гласови од Советот.[9]

Судијата Африм Фидани, кој на 25.11.2017 требаше да одлучува дали Интернет снимките од кабинетот на тогаш градоначалникот на Струмица Зоран Заев можат да бидат користени како докази во случајот „Поткуп“, беше избран за судија во Врховниот суд. Од Апелациониот суд Скопје за медиумите потврдија дека судијата Фидани нема да одлучува за снимката, а дополнително ќе се утврдува дали јавната седница за „Поткуп“ ќе ја држи друг судија или истата ќе биде одложена.

На седницата членовите на Советот ја избраа судијката Тања Милева за судија во кривична област во Апелациониот суд Скопје, додека за граѓански предмети ги поддржаа кандидатурите на Зоран Герасимовски и Алија Елези. Александар Камбовски е нов судија во Апелациониот суд Битола, а дополнително ќе се распишат огласи за позициите кои останаа непотполнети за судии во Апелациониот суд Скопје и во Врховниот суд. Според претседателот Караџовски непополнетите места се должат на тоа што кандидатите не ги исполниле потребните услови.

Инаку, дури дваесетина од вкупно 56 судии во скопскиот кривичен суд се пријавиле за четирите позиции огласени во Апелациониот суд Скопје, додека поранешната в.д. Претседателка на овој суд Татјана Михајлова, која му суди на екс - премиерот Груевски за инцидентот во Општина Центар,

---

[5] Оваа анализа беше изготвена во рамките на проектот „Мрежа 23+“ и е достапна на линкот http://www.merc.org.mk/Files/Write/00001/Files/Network23/studies/Analiza_Primena-na-ZOVOVK_SPPMD-Juni-2017.pdf
[6] http://www.ustavensud.mk/domino/WEBSUD.nsf
[7] https://goo.gl/rACFu3
[8] https://goo.gl/NfhAhy
[9] https://goo.gl/YPc6eA

конкурирала за судија во Апелациониот суд Битола, како и за претседател на ресенскиот суд, по што во текот на седницата таа ги повлекла и двете кандидатури.[10]

**Непристрасност и одговорност**

**ОЈО гони 36 лица, меѓу кои и 6 пратеници, за „Терористичко загрозување на уставниот поредок“ во врска со насилствата во Собранието- Кривичниот суд одреди мерки за претпазливост за 19**

На крајот на месецот, ЈОРМ ја извести јавноста дека ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК) по преземање на сите дејствија за утврдување на фактите за настаните кои се случија на 27 април 2017 година во Собранието на РМ ја завршило предистражната постапка. По разгледување и анализа на прибраниот доказен материјал, ОЈОГОКК донело Наредба за спроведување истражна постапка против 36 лица поради основано сомнение за сторено кривично дело.[11] Според медиумите, Обвинителството побарало одредување мерка притвор за сите 36 лица.[12]

Основниот суд Скопје 1 соопшти дека постапувајќи по предлогот на обвинителството пред судија на претходна постапка на 28.11.2017 година биле спроведени 26 лица по што биле донесени решенија со кои на лицата М.Ч., О.П., И.Д., М.П., О.Р., Г.А., В.Т., Д.Л., И.Ц., Б.И., Ј.Ч., И.С., и В.М. судијата на претходна постапка го прифатил предлогот и им определил мерка притвор во траење од 30 дена, додека на С.М., Г.Ѓ., М.П., Е.Д.Б., Б.Д., В.Ј, им определил мерка куќен притвор.[13]

Истовремено, беше соопштено дека за лицата кои се опфатени во предлогот, а во моментот извршуваа функција пратеник судијата на претходна постапка ќе пристапи кон одлучување по предлогот на обвинителството откако ќе биде одлучено по барањето за одземање на нивниот имунитет. Во меѓувреме, Комисијата за деловнички и мандатно – имунитетни прашања одржа седница на која едногласно одлучи за одземање на мандатите на пратениците.[14]

**Укината пресудата за „Монструм“, предметот се враќа на повторно одлучување**

Врховниот суд соопшти дека ги усвоил жалбените барања на одбраната во предметот познат во јавноста како „Монструм“, при што ги укина второстепената и првостепената пресуда со што предметот го врати на повторно одлучување пред првостепениот суд.[15] Обвинетите во случајот се наоѓаат во притвор уште од 2013 година.

**ОЈО поднесе обвинение за обидот за убиство на пратеникот Зијадин Села**

---

[10] http://24vesti.com.mk/razreshuvanje-i-imenuvanje-sudii-i-pretsedateli-na-sudovi
[11] http://jorm.gov.mk/?p=4416
[12] https://goo.gl/1u5Z7U
[13] https://goo.gl/59uMKm
[14] http://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=2f6ebb9c-af48-459f-8489-265b77153355
[15] https://goo.gl/TvYSEn

ОЈО Скопје соопшти дека до Основниот суд Скопје 1 доставило обвинителен акт против десет лица за сторено кривично дело Убиство од член 123 став 1 вв со член 19 вв со член 22 од КЗ. Според обвинителството, сите обвинети заедно, како и со други лица чиј идентитет не е утврден, се обиделе да го лишат од живот оштетениот Села, при што дел од нив користеле тврди предмети кои ги фрлале кон оштетениот со што му нанеле животно загрозувачки повреди, додека останатите со употреба на удари, клоци и тупаници го извршиле делото за кое се товарат.

Надлежниот јавен обвинител од ОЈО Скопје со обвинителниот акт поднел и предлог за продолжување на мерката притвор за деветмина од обвинетите, а за еден од нив предлог за продолжување на мерката куќен притвор, бидејќи постојат основи за можно бегство на обвинетите, за влијание врз сведоците, како и за довршување на кривичното дело за коешто се обвинети.[16]

**СЈО покрена постапка за утврдување на одговорност на судијката Моника Бахчовановска**

Специјалното јавно обвинителство до Советот за утврдување на факти поднесе претставка за утврдување на одговорност на Моника Бахчовановска од Основниот суд Скопје 1, судечка судијка во предметот „Тифани“, каде СЈО ја гони новинарката Ивона Талевска за даночно затајување. Со претставката е побарано да се испита нејзината работа од аспект на нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Според СЈО, судијката Бахчовановска постапувајќи по поднесен приговор со предлог за издвојување од списите на предметот на незаконски прибавен доказ во предмет за кој СЈО имало поднесено обвинителен акт, на ден 11.09.2017 година донела решение во кое посочила решение на Апелациониот суд Скопје донесено на ден 18.09.2017 година, што упатува дека ова решение било антидатирано, или станувало збор за друг вид на поведение со кое се врши злоупотребување на положбата и пречекорување на службените овластувања, од аспект на тоа што судијката можела однапред да ја знае одлуката на Апелациониот суд Скопје.[17]

**Судијата Нанев: АКМИС системот во скопска Апелација функционирал релативно добро**

Судијата Лазар Нанев, кој е претседател на работната група при Министерството за правда за проверка на АКМИС системот за распределба на предметите во судовите изјави дека проверката покажала дека во Апелациониот суд Скопје водењето на уписниците е направено релативно квалитетно. За разлика од Кривичниот суд во Апелација постапуваат судии во тројки и станува збор за значително помал внес на електронски податоци. Нанев рече дека очекува членовите на оваа работна група да направат увид и во Врховниот суд за наскоро да излезат со конечен извештај за евентуалните злоупотреби на АКМИС системот во сите три судови кои беа предмет на проверка.[18]

**Судскиот совет дозволи повторување на постапката против Митриновски по пресуда на ЕСЧП**

[16] http://jorm.gov.mk/?p=4394
[17] http://www.jonsk.mk/?p=1305
[18] http://a1on.mk/archives/818899

Откако Европскиот суд за човекови права донесе пресуда со која беше утврдена повреда на членот 6 (право на правично судење) од Конвенцијата, а во врска со постапката за разрешување на судијата Јордан Митриновски, кој во тој момент беше претседател на Апелациониот суд во Скопје, Судскиот совет дозволи повторување на постапката против Митриновски. При неговото разрешување, Советот утврдил дека Митриновски постапил противзаконски кога ја донел одлуката Бајруш Сејдиу да биде пуштен во домашен притвор со голема парична гаранција.

Во текот на 2017 година, Комисијата закажала расправи на 27.02.2017, 24.04.2017 и 11.05.2017, кои биле одложени по барање на Митриновски и неговите бранители. Судскиот совет формирал комисија за спроведување на повторената постапка која закажала расправа на 22.11.2017 година која била одржана во присуство на подносителот на барањето за утврдување на нестручно и несовесно вршење на функцијата, а во отсуство на Митриновски кој бил уредно повикан.[19]

**Професионализам, стручност и ефикасност**

**Промовирана матрицата за мерење на перформансите во правосудството**

На 06.11.2017 година беше промовирана матрицата за мерење на перформансите во правосудството, изработена во соработка помеѓу Министерството за правда, Британската амбасада и Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА). Оваа алатка е подготвена врз основа на компаративните анализи за механизмите за мерење на судските реформи во европските земји и меѓународните стандарди согласно CEPEJ и EU Justice Scoreboard. Министерот Саљиji укажа на значењето на Матрицата за евалуирање на исполнувањето на целите предвидени во Стратегијата за реформа и Акцискиот план, од аспект на стратешкото планирање и креирање политики, со што за прв пат во правосудството во РМ ќе се овозможи системско оценување на реформите врз основа на мерливи и јасни критериуми.[20] На 13.11.2017 година се одржа состанок на членовите на Судскиот совет со претставници на ЦПИА на кој беше разговарано за начинот на кој ќе се изврши пилот истражувањето во неколку судови во РМ, врз основа на гореспоменатата матрица, која се состои од пет области на работата: ефикасност, транспарентност и одговорност, квалитет на судската правда, независност и непристрасност, професионален развој и соодветна застапеност.[21]

**Работилница и регионална конференција со посредство на АСЈО**

На 23 и 24.11.2017 година, Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на судството за заштита на човековите права и борба против нечовечно и понижувачко постапување и против неказнивоста“ финансиран од ЕУ, а имплементиран од Советот на Европа организираше средба на претставници на четирите

---

[19] https://goo.gl/9GKpNF
[20] http://www.pravda.gov.mk/novost_detail.asp?lang=mak&id=1405
[21] https://goo.gl/rjSG6H

апелациони судови и на Судскиот совет, на која се дискутираше за потребата од хармонизирање на судската пракса, со акцент на спорните прашања во кривичната и од граѓанската област.[22]

Во рамки на проектот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)", на 2 и 3.11. 2017 во Будва, Црна Гора се одржа регионална коференција на тема „Слободата на изразувањето и интернетот", на која присуствуваа судии, јавни обвинители, адвокати и претставници на проектот од 6 земји (Република Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово и Албанија).[23]

## II БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

### Комплетирана и доставена документацијата за екстрадиција на Груевски и Бошковски

Основниот суд Скопје 1 ја извести јавноста дека постапил по барањето на Министерството за правда на РМ поврзано со постапката за екстрадиција на Груевски и Бошковски, со тоа што кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција ја комплетирал потребната документација и ја доставил до Министерството за правда на РМ на понатамошно постапување.[24] Груевски и Бошковски, по кои МВР трагаше по одобреното барање на СЈО од страна на судија на претходна постапка, се наоѓаат екстрадиционен притвор во Солун, Република Грција.

### Наредена истрага против девет лица за злоупотреба на службената положба и овластување

ОЈО Скопје донесе Наредба за спроведување истражна постапка против девет лица за сторени кривични дела Несовесно работење во службата од чл.353 в ст.3 вв со ст.1 и од чл. 353 в ст.2 од КЗ, како и за сторено кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл. 353 ст.3 од КЗ, чл.353. ст.2 од КЗ, чл.353. ст.2 вв со чл.23 од КЗ, чл.353. ст.3 вв со ст.1 и вв со чл.23 од КЗ. Лицата се осомничени дека во 2014 година постапиле незаконски при одлучувањето во постапки за поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти, со што нанеле штета во висина од 4.100.090 денари. Надлежниот јавен обвинител до судија на претходна постапка поднел и предлог за определување мерки за обезбедување за шестмина од осомничените (забрана за напуштање на живеалиште, обврска да се јавуваат во суд и одземање на патна исправа).[25]

### Јавна расправа за предлог законските измени и дополнувања на Законот за заштита на укажувачи

На 21.11.2017 година Министерството за правда одржа јавна расправа на која беа презентирани предвидените измени и дополнувања во Законот за заштита на укажувачите. Според членовите на работната група, нивната цел е усогласување со меѓународните препораки во областа како и

[22] http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/----oe-a-o--
[23] http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/-------2-3--2017------
[24] https://goo.gl/jqNg5P
[25] http://jorm.gov.mk/?p=4389

надминување на непрецизноста и обезбедување внатрешна усогласеност на законските одредби што ги уредуваат каналите за заштитено пријавување и заштита на укажувачите.[26] Инаку, во процесот на измени беа консултирани и експертите вклучени во студијата „Кон Граѓански Паноптикон- Подобра рамнотежа меѓу заштитата на приватноста и потребата од следење на комуникациите“, која беше изработена во рамките на проектот „Мрежа 23+“.[27]

**Работилница „Превенција на корупцијата, судир на интереси и заштита на укажувачите“**

Работилницата која се одржи на 13 и 14.11.2017 во Скопје во организација на ДКСК, во соработка со инструментот TAIEX на Европската комисија, и во партнерство со Антикорупциската агенција на Република Италија, беше продолжение на конференцијата одржана во јули на самитот во Трст како дел од Берлинскиот процес за борба против корупцијата и превентивните мерки против оваа појава. Претседателот на ДКСК, д-р Тантуровски изјави дека нема потфрлања во справувањето со корупцијата од аспект на превенцијата. Лука Трифоне од Антикорупциската агенција на Република Италија истакна дека е многу важна соработката на Италија и на земјите од ЕУ со државите од Западен Балкан како во однос на размена на искуствата во борбата против корупцијата, така и во делот на заемното запознавање со очекувањата и потребите во однос на работата на овој план, а заклучоците од оваа конференција, ќе бидат составен дел на Берлинскиот процес.[28]

**Средба меѓу ДКСК и Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законот**

Кон крајот на ноември, Државната комисија за спречување на корупцијата одржа работна средба со претставници на Правната канцеларија на Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите при Амбасадата на САД, на која присуствуваа претседателот на ДКСК, д-р Игор Тантуровски, и неколку нејзини членови, како и претставниците на Канцеларијата на Бирото, кои беа запознаени со работата и надлежностите на Комисијата, постапувањето во областа на спречување на корупција, судир на интереси, заштита на укажувачите и постапувањето во изборниот период, како и за тековните проекти и активности на Комисијата. Исто така, се разговараше за предизвиците и приоритетите на полето на владеењето на правото како и за можноста за поддршка во рамките на реформата на кривично-правниот систем во РМ.[29]

**Дискусија на граѓанските организации за борбата против корупцијата**

Делегацијата на Европската комисија организираше дискусија на граѓанското општество во РМ на која се разгледуваа три клучни теми: владеењето на правото и борбата против корупцијата, предизвиците на граѓанското организации и слободата на медиумите. Притоа, беше истакнато дека

---

[26] http://www.pravda.gov.mk/novost_detail.asp?lang=mak&id=1409
[27] http://www.merc.org.mk/Files/Write/00001/Files/Network23/studies/Kon-gragjanski-panoptikon-ramnoteza-pomegju-sledenje-na-komunikaciite-i-privatnosta_MK.pdf
[28] http://www.transparency.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=1238&Itemid=57
[29]https://www.dksk.mk/index.php?id=19&tx_news_pi1%5Bnews%5D=519&tx_news_pi1%5Bcontroller%5D=News&tx_news_pi1%5Baction%5D=detail&cHash=d73e66ae7aa38679030e9bdde3855085

дејствувањето на граѓанските организации во борбата против корупцијата е клучно за развојот на демократијата во земјата, како и дека граѓанските организации во моментов се активни во процесот на креирање на политики, што покажува отвореност на Владата за соработка, но во текот на овој процес треба сериозно да се имаат предвид и капацитетите на граѓанските организации бидејќи во многу кус временски период се носат низа нови документи и стратегии во различни области.[30]

**АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ**

**ПРЕДМЕТ: „Триста“ (КОК 40/17):** Расправата по овој предмет на СЈО од 15.11.2017 година се одложи поради отсуство на обвинетиот, додека судењето 27.11.2017 година беше одложено за 01.12.2017 година со оглед на тешката здравствена состојба во која наоѓа обвинетиот, кој се појави на судењето и приложи лекарско уверение како доказ за тоа дека прима лекови против болки и терапија против депресија. Беше најавено дека на следното рочиште ќе бидат повикани невропсихијатар и лекар невролог, кои ќе треба да дадат мислење за здравствената состојба на обвинетиот.

**ПРЕДМЕТ: ,,Труст“ (К.бр. 1459/17):** Судењето во овој предмет на СЈО од 07.11.2017 година беше одложено веднаш по отпочнувањето поради недоставена листа на докази до одбраната. На рочиштето за главна расправа од 14.11.2017 година, претседателот на советот донесе решение со кое го одби барањето на одбраната рочиштето да се одложи поради немање пристап до доказите, со образложение дека изведувањето на докази ќе следи по воведните говори на странките во постапката каде тие ќе имаат можност во контрадикторна постапка да ги оспоруваат истите согласно ЗКП. Потоа се пристапи кон давање на воведни говори на СЈО, а потоа и на бранителите на тројцата обвинети и на трите обвинети правни лица. Иситe беа поучени за нивните права во постапката и изјаснување за вина. Поради подготовка на ефективна одбрана и запознавање со доказите рочиштето за доказна постапка се одложи за 21.11.2017 година, кога пред отпочнување на расправата одбраната повторно приговараше пред судот во врска со доставените докази на СЈО кои не биле читливи ниту пак било јасно на што се однесуваат, дел од нив недостасувале, а дел биле дадени на странски јазик. Иако сведоците повикани на рочиштето биле предложени и од страна на одбраната, судот одлучи со формално решение истите да бидат испитани како сведоци на СЈО.
Пред почетокот на четвртото рочиште (23.11.2017), одбраната повторно реагираше и апелираше судот да дозволи сведоците предложени од СЈО да бидат директно испитани и од одбраната, бидејќи во вкрстеното испитување можат да поставуваат прашања само за факти и околности кои биле изнесени при директното испитување. По ова судот донесе решение со кое одлучи да ѝ дозволи на одбраната во вкрстеното испитување да поставува прашања надвор од директното. Со ваквото постапување судот направи низа процедурални грешки.[31] На петтото рочиште (30.11.2017)

[30] http://www.transparency.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=1239&Itemid=57
[31] За повеќе детали во оваа насока, види го правното мислење објавено од страна на Коалицијата „Сите за правично судење“ кое е достапно на линкот http://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2017/11/%D0%9D%D0%95%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%B6%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0.pdf

се изврши испитување на сведок на СЈО, кој беше испрашуван директно, вкрстено и дополнително. Поради овие процедурални грешки, испрашувањето на сведокот се одвиваше во хаотичен процес, каде беа поставувани прашања надвор од законски предвидените правила и можности.

**ПРЕДМЕТ: ,,Транспортер'' (КОК.бр. 30/17):** Расправата од 06.11.2017 се одложи поради отсуство на една од обвинетите во овој процес, за што нејзиниот бранител достави лекарска документација. Наредното рочиште беше закажано на 13.12.2017. Поради големиот број обвинети во овој процес и можноста за негово одлагање, од страна на Специјалната јавна обвинителка беше побарано од судот да закаже наредни термини за предметот со цел да не се одлага поради зафатеност на другите странки во постапката, а согласно начелата на кривичната постапка. Како наредни датуми за овој предмет судот ги определи 23.01.2018, 25.01.2018, 29.01.2018 и 31.01.2018 година.

**ПРЕДМЕТ: „Диво Насеље" (КОК.бр. 127/15):** На рочиштето од 02.11.2017 година, судот јавно и усно ја објави и образложи пресудата за предметот „Диво населље". Обвинетите во овој процес се теретеа за сторени кривични дела согласно член 394 а став 2 и 394 б став 1 од КЗ. Триесет и тројца обвинети беа прогласени за виновни, а четворица од нив беа ослободени од обвинението бидејќи обвинителството во оваа постапка не успеа да го докаже обвинението за нив. На седуммина обвинети им беше досудена казна доживотен затвор, на тринаесет обвинети - казна затвор во времетраење од 40 години, на шестмина обвинети- казна затвор од 20 години, на еден од обвинетите- казна затвор од 18 години, на двајца обвинети- казна затвор од 14 години, на двајца обвинети- казна затвор од 13 години и на двајца од обвинетите- казни затвор во времетраење од 12 години. Освен тоа, согласно член 33 од КЗ судот на сите странски државјани им досуди и казна протерување на странец, засекогаш, од територијата на РМ. Полномошникот на оштетените беше упатен да го остварува имотно-правното барање во граѓанска парница.

**ПРЕДМЕТ: Раздвоена постапка за „Диво Насеље" (КОК.бр. 95/16):** На рочиштето за објава на пресудата закажано на 03.11.2017, обвинетиот беше прогласен за виновен, при што судот му изрече казна затвор од траење од 10 години за делото од членот 394-а и казна доживотен затвор за делото од член 394-б. Согласно КЗ, судот изрече единечна казна доживотен затвор. Објавата на пресудата не содржеше никакво осврнување на делото и доказите, ниту на причините поради кои судот ја донел таквата пресуда. Судот само ја прочита изреката на пресудата, а доказите врз основа на кои истата е донесена беа само кратко споменати/ наброени. Беше соопштено и дека пресудата ќе биде изготвена во законскиот рок од 2 месеци со што јавноста ќе може да се запознае со суштината на доказите изведени со исклучена јавност и би се ставило крај на шпекулациите присутни во јавноста.

**ПРЕДМЕТ: „Поткуп" (КОК.бр. 62/16):** Рочиштето започна половина час порано од насроченоит термин без навремено известување за тоа, со што јавноста беше спречена да присуствува. Времето и местото на одржување на судењето не беше објавено ниту пред судницата каде требаше да се одржи расправата. Расправата беше одложена бидејќи предметот се наоѓа во Апелациониот суд, каде се одлучува по жалба на решение за издвојување на доказите и тоа ќе продолжи на 25.12.2017.

**ПРЕДМЕТ: „Божиновски" (КОК.бр. 79/16):** На рочиштето беше присутен друг ЈО, поради отсуство на обвинителот кој го води предметот, а кој претходно ги известил обвинетиот и неговиот бранител за отсуството при што се договориле за одлагање на расправата. Иако остана нејасно кој формално побара одлагање (одбраната или ЈО), судот донесе решение да ја одложи расправата за 12.12.2017.

**ПРЕДМЕТ: „Сопот" (КОК.бр. 53/10):** Рочиштето за главна расправа закажано за 23.11.17 се одложи за 20.12.2017 година поради тоа што сведокот кој требаше да биде сослушан немаше валиден документ за идентификација, со што не можеше да му биде утврден идентитетот.

**ПРЕДМЕТ: „Тврдина 2"** (**К.бр. 1905/16):** Пред почетокот на расправата на 02.11.2017 бранителот на обвинетите даде предлог расправата да се одложи на неопределено време, со цел на обвинетиот да не му се суди во отсуство, поради тоа што обвинетиот веќе беше лоциран и се наоѓа во екстрадиционен притвор по барање на Министерството за правда. На ваквиот предлог се противеше СЈО, бидејќи обвинетиот беше недостапен на македонските правосудни органи, а дури и во случај обвинетиот да биде обвинет, постапката ќе се повтори во негово присуство. Судот донесе решение со кое се одби предлогот на одбраната, ценејќи дека не постојат ограничувања ниту во Европската конвенција за човекови права ниту во Законот за меѓународна помош во кривичната материја кога за обвинетиот има постапка за екстрадиција. Постапката продолжи со изведување на докази во дополнение на доказната постапка, каде јавноста беше исклучена поради изведување на класифицирани докази. Завршни зборови за овој предмет беа дадени на рочиштето на 06.11.2017, по што на 08.11.2017 година беше објавена пресудата, со која на обвинетиот Горан Грујовски, поранешен началник на УБК, кој се терети за кривични дела „Злоупотреба на службена положба и овластување" од чл.353 ст.5 в.в. ст.1 в.в. чл.22 и „Фалсификување службена исправа" од чл.361 ст.1 од КЗ. На истиот му беше изречена казна затвор во времетраење од 1 година и 6 месеци, додека останатите обвинети службеници добија условни казни.

**ПРЕДМЕТ: ,,Мариглен'' (К.бр. 1271/16):** Судењето на членот на „Левица" Мариглен Демири, обвинет за учество во толпа при демолирањето на канцеларијата на Претседателот Ѓорѓе Иванов, беше повторно одложено за 12.12.2017, од причина што откако ЈО достави два оригинални записника одбраната побара време со цел да изврши увид во истите.

**ПРЕДМЕТ : ,,Павле''** (**К.бр. 1526/16):** Расправата од 06.11.2017 се одложи за 15.11.2017 година, откако обвинителството повторно побара ново вештачење за штетата врз фасадата на Министерството за култура направена во текот на „Шарената револуција" што требаше да го спроведе Градежниот факултет при УКИМ. Со прифаќањето на ваквото барање, судот направи погрешна примена на одредбите на ЗКП.[32] И рочиштето закажано за 15.11.2017 беше одложено поради тоа што претходноспоменатото спорно вештачење не беше изготвено во предвидениот рок.

---

[32] За повеќе детали, види го правното мислење објавено од Коалицијата „Сите за правично судење" кое е достапно на http://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2017/11/%D0%A1%D0%A3%D0%9F%D0%95%D0%A0%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%A7%D0%95%D0%8A%D0%95.pdf

**ПРЕДМЕТ: „Општина Центар“** (**К.бр. 1904/16):** На рочиштето од 20.11.2017 година еден од обвинетите призна вина, а објава на пресудата беше закажана за 24.11.2017, на кое рочиште тој доби условна казна затвор во времетраење од 6 месеци која нема да се изврши доколку истиот не стори друго кривично дело во период од 2 години. На рочиштето од 29.11.2017 уште еден од обвинетите ја призна вината, по што СЈО побара постапката за него да се раздвои, по што беше донесена и јавно објавена пресуда, со која истиот беше осуден на условна казна затвор од 6 месеци која нема да се изврши доколку истиот не стори друго кривично дело во период од 2 години.

**ПРЕДМЕТ: „Ровер“ (К.бр. 2454/15):** Евидентирана е несоодветна ex-parte комуникација пред почетокот на рочиштето, бидејќи ЈО на расправата влезе во судницата речиси истовремено со останатите странки, но преку службениот влез, на што реагираше одбраната. Поради болест на еден од обвинетите, судењето се одложи за 29.01.2018 во 10:00 часот.

## III ТЕМЕЛНИ ПРАВА

### Народен правобранител

На собраниската седница од 6.11.2017, пратениците не ги изгласаа мерките содржани во извештајот на Народниот правобранител во кои се наведени препораките од Извештајот на експертската група на Прибе за подобрување на состојбата со човековите права и слободи во Македонија. Согласно измените во Законот за Народниот правобранител, Собранието мора да го усвои неговиот извештај и да ја задолжи Владата да ги спроведе зададените мерки. Годинава тие, меѓу другото, се однесуваа на зајакнување на надворешниот контролен механизам врз работата на полицијата и обвинителството, на укинување на гумените куршуми и електричниот парализатор како средства за присилба, подобрување на затворските услови, подобрување на системот „Мој термин“ како и на запишување во матичните книги на децата без идентитет.[33]

На прес-конференција наредниот ден, Народниот правобранител Иџет Мемети изјави дека ќе ги достави мерките за подобрување на влошените состојби со човековите права и слободи кои тој ги констатирал до Владата и обвини за дрско кршење на законот, според кој Собранието треба да биде заштитник на Народниот правобранител. Тој истакна дека ќе побара Владата да ги стави овие мерки на седница и да ги задолжи државните органи да ја поправат состојбата, а по шест месеци ќе бара да биде информиран до каде е остварувањето на предложените мерки.[34]

[33] http://24vesti.com.mk/naroden-pravobranitel-kje-bara-vladata-da-gi-sprovede-merkite-otkako-pratenicite-go-izignoriraa
[34] https://sdk.mk/index.php/makedonija/memeti-pobara-od-vladata-da-gi-sprovede-merkite-za-chovekovi-prava-otkako-pratenitsite-gi-izignoriraa/

Хелсиншкиот комитет за човекови права апелираше до пратениците од владејачкото мнозинство во најбрз можен рок да ги изгласаат мерките содржани во извештајот на Народниот правобранител, имајќи предвид дека имплементацијата на препораките од Извештајот на експертската група предводена од Прибе мора да биде главен приоритет на Собранието и Владата за државата да го забрза евроинтегративниот процес, но и поважно, да обезбеди ефикасна заштита на човековите права и слободи на граѓаните.[35] Конечно, на 7.11.2017 препораките на Народниот правобранител поминаа на Комисијата за политички систем и се вратија на почеток во собраниска процедура.[36]

Во текот на месецот, Народниот правобранител оствари средба со претставници на Европската комисија, на која се разговараше за работата на институцијата и актуелните предизвици по усвојувањето на измените во Законот за народниот правобранител. Воедно стана збор и за состојбата со човековите права во земјата и спроведувањето на неговите препораки од страна на органите на управата. Претставниците на ЕК уште еднаш ја поддржаа работата на Народниот поравобранител истакнувајќи дека од исклучителна важност е на институцијата да ѝ се овозможи беспрекорно спроведување на неговиот севкупен мандат, бидејќи независна и целосно оперативна институција за човекови права е особено битен сегмент за напредокот на земјата кон ЕУ.[37]

На 27.11.2017 година во рамките на проектот „Мрежа 23+“ беше одржана тематска експертска работилница на тема „Народниот правобранител – помеѓу нормативното и стварното“ на која се дискутираше за низа релевантни прашања поврзани со функционирањето на оваа институција, во присуство на Иџет Мемети, во која свој конструктивен придонес кон дискусијата дадоа претставници на надлежните државни институции, граѓанските организации и медиумите кои во текот на подолг временски период ја следат работата на Народниот правобранител.[38]

**Слобода на верско здружување**

Со пресудата на Европскиот суд за човекови права објавена на 16.11.2017[39] беше констатирано прекршување на членот 11 (слобода на собирање и здружување) во врска со членот 9 (слобода на мислата, совеста и религијата) од Европската конвенција за човекови права, која произлезе од одбивањето на надлежните органи да се регистрира Православната охридска архиепископија (ПОА) како посебна верска заедница. За констатираната повреда, Република Македонија е задолжена да му исплати на апликантот 4,500 евра (за нематеријална штета) и 5,000 евра (за трошоци и издатоци).

---

[35] http://mhc.org.mk/announcements/660?locale=mk#.WiP5aEqnGUk
[36] http://fokus.mk/pratenitsite-se-skontsentriraa-i-gi-vratija-preporakite-na-narodniot-pravobranitel-vo-sobraniska-protsedura/
[37]http://ombudsman.mk/mk/aktivnosti/241439/narodniot_pravobranitel_g_idzhet_memeti_ostvari_sredba_so_pretstavnici_na_evropskata_komisija.aspx
[38] http://mhc.org.mk/announcements/674?locale=mk#.WiP7LEqnGUk
[39] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"documentcollectionid2":["GRANDCHAMBER","CHAMBER"],"itemid":["001-178890"]}.

Постапката во Стразбур беше иницирана со апликација бр. 3532/07 поднесена од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права во името на „ПОА" како верско здружение. И двете барања за негова регистрација беа одбиени од домашните судови од формални причини, како и врз две други основи - дека здружението било формирано од страна на странска црква или држава, и дека неговото предложено име било проблематично од аспект на тоа што тоа било многу слично со називот на „МПЦ-Охридска архиепископија" која има историско право во континуитет да го користи ова име, со што здружението имало за цел да претставува паралелна верска институција. Здружението-апликант водело и две безуспешни постапки пред Уставниот суд, кој ги офрлил барањата за заштита на слободите и правата врз строго формални причини, без мериторно да одлучува по неговите барања.[40]

**Работнички права**

По поднесена иницијатива за вонреден инспекциски надзор од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права, Државниот инспекторат за труд - ПЕ Делчево утврди повреда на работничките права во ДПТУ „Текстил М ДОО" од Македонска Каменица. По извршениот инспекциски надзор и земените изјави од вработените, државниот трудов инспектор со решение утврдил повреда на одредбите од Законот за работни односи во начинот на исплата на плата од страна на работодавачот и му дал рок за отстранување на констатираните повреди. Хелсиншкиот комитет го поздрави ваквото решение и извести дека и понатаму ќе го мониторира овој случај, од аспект на тоа дали работодавачот во дадениот рок постапил по решението на инспекторатот.[41]

**Заштита на личните податоци**

Дирекцијата за заштита на личните податоци ја донесе новата Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци (2017-2022)[42], како втор стратешки документ во оваа област кој ја опишува состојбата на системот за заштита на личните податоци на национално ниво, и ја изразува потребата и визијата да се има комплетен и модерен пристап кон заштитата на човековото право за заштита на личните податоци. Во Стратегијата е предвидена силна гаранција за приватноста на личните податоци преку воспоставување систем за превенција, почитување и разбирање на правата и обврските. Таа укажува и на новите предизвици, на основните начела на независност и потребата од професионален, транспарентен и квалификуван кадар во Дирекцијата.

Истовремено, Министерството за правда подготви предлог- Закон за измени и дополнување на Законот за заштита на личните податоци, чија цел е зајакнување на независниот статус на Дирекцијата од политички и други влијанија согласно барањата на Поткомитетот за правда и безбедност како и Извештајот на Прибе, како и извештаите за напредокот на РМ за 2015 и 2016 година, како и во насока на усогласување со одредбите од новиот ЗОУП.

---

[40] http://mhc.org.mk/announcements/666?locale=mk#.WiP7JUqnGUk
[41] http://mhc.org.mk/announcements/669?locale=mk#.WiQUmUqnGUk
[42] https://dzlp.mk/sites/default/files/dzlp_strategija_mk.pdf

**Заштита од дискриминација**

Комисијата за заштита од дискриминација констатираше дискриминаторска содржина во прилог насловен „Сè побројни и понасилни се Циганите на раскрсниците", емитуван во информативните изданија на ТВ „Алфа", со што Комисијата ја прифати претставката на АВМУ дека телевизијата потикнала и ширела дискриминација кон Ромите врз основа на етничка припадност и на припадност на маргинализирана група.

Врз таа основа, од ТВ „Алфа" беше побарано во рок од 30 дена од приемот на препораката јавно да им се извини на Ромите како маргинализирана група, при што доколку телевизијата не го стори тоа Комисијата има право да покрене иницијатива пред надлежниот орган за утврдување на одговорност, а Агенцијата има право да поднесе тужба пред Основниот суд Скопје 2 за надомест на штета. Во одговор до Комисијата, од ТВ „Алфа" соопштија дека со одлука на уредувачкиот колегиум новинарот и уредникот на вестите биле казнети со намалување во висина од 20 отсто од платата во текот на 3 месеци.[43]

[43] http://novatv.mk/alfa-ke-mora-da-im-se-izvini-na-romite-za-diskriminatsija-vo-vestite/